**20181402731**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 33 став 7 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија” број 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 јули 2018 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ПРЕРАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ПОМЕЃУ БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ НА ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ И ПОМЕЃУ ФОНДОВИТЕ

Член 1

Во Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во посебниот дел во прва потколона од колоната Расходи на Основен буџет, се врши следната прераспределба на средства:

Во Разделот 04001 – Влада на Република Македонија, во потпрограма 10 – Администрација, ставката 420 – Патни и дневни расходи се намалува за 1.000.000 денари, ставката 427 – Привремени вработувања се намалува за 1.000.000 денари, ставката 464 – Разни трансфери се намалува за 1.000.000 денари, во потпрограмата Д4 – Економска промоција, ставката 420 – Патни и дневни расходи се намалува за 4.400.000 денари, во потпрограмата Д8 – Унапредување на локална и регионална конкурентност во областа на туризмот, ставката 464 – Разни трансфери се намалува за 13.000.000 денари;

Во Разделот 04002 – Служба за општи и заеднички работи на Владата на РМ, во потпрограмата 1Б – Изградба и реконструкција на административни згради на државни органи, ставката 482 – Други градежни објекти се намалува за 20.000.000 денари;

Во Разделот 09002 – Министерство за финансии – функции на државата, во потпрограма 20 – Функции, ставката 464 – Разни трансфери се намалува за 60.000.000 денари;

Во Разделот 10001 – Министерство за економија, во потпрограма ДО – Поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи, ставката 464 – Разни трансфери се намалува за 5.000.000 денари;

Во Разделот 12101 – Министерство за животна средина и просторно планирање, во потпрограма 21 – Инвестиции во животната средина, ставката 482 –Други градежни објекти се намалува за 5.000.000 денари, во потпрограма 40 – Мониторинг и заштита од аерозагадување, ставката 480 – Купување на опрема и машини се намалува за 5.000.000 денари;

Во Разделот 13001 – Министерство за транспорт и врски, во потпрограма 3S – Жичара, ставката 482 – Други градежни објекти се намалува за 20.000.000 денари;

Во Разделот 14001 – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, во потпрограма 30 – Земјоделство, ставката 489 – Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации се намалува за 5.000.000 денари;

Во Разделот 14004 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, во потпрограма МД – Рурален развој, ставката 489 – Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации се намалува за 10.000.000 денари;

Во Разделот 15001 – Министерство за труд и социјална политика, во потпрограмата Б4 – Минимална плата, ставката 464 – Разни трансфери се намалува за 10.000.000 денари;

Во Разделот 16001 – Министерство за образование и наука, во потпрограма 4А – Преведување и печатење на стручна литература, ставката 425 – Договорни услуги се намалува за 5.000.000 денари, во потпрограма 7Б – Проект за превод на книги од реномирани автори, ставката 425 – Договорни услуги се намалува за 5.000.000 денари;

Во Разделот 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата, во потпрограма 42 – Голема концертна сала за Македонската филхармонија, ставката 482 – Други градежни објекти се намалува за 8.000.000 денари, во потпрограма 72 – Мултидисциплинарни програми, ставката 464 – Разни трансфери се намалува за 8.000.000 денари, во потпрограма 84 – Одржување на објектите и опремата во областа на културата, ставката 482 – Други градежни објекти се намалува за 10.000.000 денари;

Во раздел 19001 – Министерство за здравство, потпрограма 1Ј – Изградба на ПЕТ Центар, ставката 480 – Купување на опрема и машини се намалува за 10.000.000 денари и ставката 482 – Други градежни работи се намалува за 4.000.000 денари.

Во раздел 02004 – Државна изборна комисија, се отвара нова потпрограма 22 – Референдум, ставка 464 – Разни трансфери во износ од 210.400.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08 - 4669/1
30 јули 2018 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.